ДО
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД ОХРИД

# ИЗВЕШТАЈ

## ПОДНЕСЕН ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД ОХРИД ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО ЗА ДЕЛОВНАТА 2025 ГОДИНА

*Април, 2026 година*

Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид на Одборот на директори му се дадени најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото. Согласно овластувањата кои произлегуваат од закон и од Статутот на Друштвото неизвршните членови на Одборот на директори се грижат за утврдување на деловната политика на Друштвото, ги донесуваат плановите, програмите и другите општи акти на Друштвото и даваат насоки за нивно спроведување, ги донесуваат актите на деловната политика, а како посебни овластувања им се дадени вршењето надзор над работењето на извршниот член на Одборот на директори и право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на Друштвото, имотот и благајната.

Во рамките на овие надлежности, неизвршните членови на Одборот на директори во овој извештаен период своите активности и работењето особено го насочија кон продолжување на профитабилното работење на Друштвото, континуирано управување со ризиците во работењето, планирање, развој и промоција на услугите, како и усогласување на актите и политиките со измените во законската и подзаконската регулатива.

Ваквите активности и работењето на неизвршните членови на Одборот на директори, заедно со извршниот член на Одборот на директори-Генералниот директор, придонесоа во овој извештаен период Друштвото да оствари добивка.

Одборот на директори на Друштвото брои 5 (пет) членови. Од вкупниот број членови на Одборот на директори 1 (еден) е извршен член и го носи називот Генерален директор, а 4 (четири) се неизвршни членови, од кои 1 (еден) е независен. Неизвршни членови на Одборот на директори се:

-Драган Наков-Претседател на Одбор на директори;

-Јелена Наков-неизвршен член;

-Сашо Наков-неизвршен член;

-Наташа Милева-неизвршен-независен член.

Неизвршните членови на Одборот на директори се избрани со мандат кој трае 4 (четири) години.

Во периодот јануари-декември 2025 година, Одборот на директори одржа 11 (единаесет) седници на кои се донесоа голем број на одлуки.

## РАЗГЛЕДУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Од извештаите кои се разгледувани од страна на Одборот на директори ги разгледуваше следните:

-месечни извештаи за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото на извршниот член-Генералниот директор;

-тримесечни извештаи за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото на извршниот член-Генералниот директор;

-годишен извештај за постигнатите ефекти и резултати од работењето на Друштвото на извршниот член-Генералниот директор.

Усвоените извештаи членовите на органот на управување детално ги разгледаа, дискутираа по истите, донесоа соодветни заклучоци и насоки за понатамошна работа на Друштвото, и донесоа одлуки за одобрување на истите.

Во тој контекст, од страна на Одборот на директори во извештајниот период беа донесени голем број одлуки, од кои позначајни се одлуките со следните архивски броеви: 02-46/2 од 28.02.2025 година, 02-59/2 од 12.03.2025 година, 02-77/2 од 26.03.2025 година, 02-108/5 од 11.04.2025 година, 02-130/2 од 29.04.2025 година, 02-317/2 од 30.07.2025 година и 02-445/2 од 30.10.2025 година.

**КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД ОХРИД ЗА ДЕЛОВНАТА 2025 ГОДИНА**

Неизвршните членови на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, согласно своите надлежности, континуирано го следеа финансиското работење на Друштвото преку:

-редовно разгледување на извештаите на Генералниот директор;

-одобрување на годишната сметка, финансискиот извештај и годишниот извештај за работењето на Друштвото;

-разгледување на Извештајот од овластениот ревизор;

-донесување на Одлуки за кои согласно законот и Статут на Друштвото е надлежен Одборот на директори.

Неизвршните членови на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, континуирано следејќи го финансиското работење на Друштвото и делувајќи во согласност со системот за внатрешна контрола и процедури го заклучија следното:

**КОНТРОЛА И ПРОЦЕДУРИ**

Менаџментот на Друштвото изврши оценка на ефикасноста на процедурите и контролите на обелоденување, заклучно со 31.12.2025 година и заклучи дека таквите контроли и процедури се ефективни и ефикасни, во согласност со законската регулатива.

**Годишен извештај од неизвршните членови на Одборот на директори за внатрешна контрола на финансиските извештаи**

Неизвршните членови на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид согласно обврските кои произлегуваат од член 480 став 3 од Законот за трговски друштва го следеа работењето на Друштвото во деловната 2025 година, а особено извршија проверка на годишната сметка и финансиските извештаи и по спроведената интерна контрола од нивна страна, го поднесоа следниот годишен извештај за резултатите од извршена контрола:

1.Неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото се одговорни за воспоставување и одржување на адекватна внатрешна контрола на финансиското известување на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид. Внатрешната контрола на финансиското известување е процес дизајниран со цел обезбедување респектабилна гаранција во врска со точноста на финансиското известување и подготовка на финансиските извештаи за целите на надворешното известување, а во согласност со прифатените сметководствени стандарди во Република Северна Македонија. Секој

систем за внатрешна контрола, независно од тоа колку успешно е дизајниран, има наследени ограничувања. Имајќи го тоа во предвид и нашиот систем со сета желба за ефективна контрола обезбедува само разумна гаранција, со респект кон подготвувањето и презентацијата на финансиските извештаи.

2. За годината којашто заврши на 31.12.2025 година, неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на финансиските извештаи, како и ревидираните финансиски извештаи и утврдија дека финансиските извештаи објективно ја претставуваат финансиската состојба, во сите значајни аспекти од работењето на фирмата.

3.Неизвршните членови на Одборот на директори веруваат дека воспоставениот систем за внатрешна контрола за финансиското известување и финансиските извештаи дава реален приказ на состојбите без материјални слабости за годината која заврши на 31.12.2025 година.

4. Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, овластен ревизор, назначен за вршење ревизија на финансиските извештаи на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, за годината која заврши, издаде извештај со кој се потврдува реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид.

**Промени во внатрешната контрола на финансиското известување**

Неизвршните членови на Одборот на директори на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид, потврдуваат дека при внатрешна контрола на финансиските известувања за годината која заврши, не беа променети критериумите за контрола, кои влијаеа или можеа да влијаат на материјалните аспекти на спроведената внатрешна контрола на финансиските извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ ОД АСПЕКТ НА ПОЕДИНЕЧНИ ЧЛЕНОВИ

### 1.Драган Наков-Претседател на Одбор на директори

Драган Наков како Претседател на Одборот на директори се грижеше за правилно функционирање на Одборот во 2025 година. Во извештајниот период, од страна на Претседателот на Одборот на директори седниците се свикувани редовно и навремено, во согласност со Деловникот за работа на Одборот на директори. Претседателот на Одборот на директори се грижеше за навремено доставување на потребните материјали, обезбедување целосни и навремени информации на членовите на Одборот на директори и доволна подготовка од страна на членовите. Претседателот на Одборот на директори поттикнуваше активна и отворена дискусија на седниците на Одборот на директори, со доволно време за поставување дополнителни прашања и давање образложенија по материјалите доставени за седницата. Драган Наков активно учествуваше во расправите и во одлучувањето и во име на Одборот на директори ги потпишуваше донесените одлуки и другите акти. Во својство на Претседател и

неизвршен член на Одборот на директори, Драган Наков даде значителен придонес за ефикасно и успешно работење на Одборот на директори на Друштвото.

**2.Сашо Наков-неизвршен член на Одбор на директори**

Сашо Наков како неизвршен член на Одборот на директори значително придонесе за успешно извршување на активностите на Одборот на директори. Истиот даваше свои забелешки и мислења и учествуваше во расправите и носењето на одлуките по различни прашања од надлежност на Одборот на директори. Со своето искуство во областа на угостителството даде свои иницијативи и препораки со кои се придонесе за успешно работење на Одборот на директори на Друштвото за 2025 година.

**3.Јелена Наков-неизвршен член на Одбор на директори**

Јелена Наков како неизвршен член на Одборот на директори секогаш активно учествуваше на седниците на Одборот на директори, расправајќи по прашањата од нејзина надлежност и со своето долгогодишно искуство во областа на туризмот и угостителството даде свои иницијативи, забелешки, мислења и препораки со кои се придонесе за успешно работење на Одборот на директори на Друштвото за 2025 година.

**4.Наташа Милева-неизвршен-независен член на Одбор на директори**

Наташа Милева, како неизвршен-независен член на Одборот на директори, даде значителен придонес во работењето на Одборот со своите забелешки и мислења. Редовно учествуваше во дискусиите на седниците на Одборот на директори и даваше свои мислења и насоки во врска со организирањето на работењето на Друштвото и проширување на можностите за презентација на хотелите и воведување на нови содржини со цел зголемување на бројот на гости во хотелите. Наташа Милева во извештајниот период активно учествуваше во донесување на одлуките на Одборот на директори.

## ЗАКЛУЧОЦИ И СОГЛЕДУВАЊА

Во текот на 2025 година работењето на Одборот на директори беше во рамките на законските утврдените надлежности, давање насоки за преземање мерки и активности за успешно работење, следење на новитетите и слично.

Неизвршните членови на Одборот на директори дадоа активен и значителен придонес во функционирање на Одборот на директори и остварија добра соработка со извршниот член на Одборот на директори.

Како резултат на активното и ефикасно учество, соодветниот надзор врз работењето на Друштвото и добрата соработка на неизвршните членови на Одборот на директори со извршниот член на Одборот на директори, односно благодарение на заедничката работа на неизвршните членови и извршниот член на Одборот на директори во извештајниот период, поточно 2025 година, Друштвото за хотелиерство,

угостителство, туризам и трговија ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид ја заврши со остварување на позитивен финансиски резултат.

**Неизвршни членови на Одбор на директори**
**на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид**

______________________
**Драган Наков**

______________________
**Сашо Наков**

______________________
**Јелена Наков**

______________________
**Наташа Милева**